# Соработка на локална самоуправа со граѓанските организации

Емина Нурединоска, МЦМС

# Вовед

- *„Граѓанските организации се први кои охрабруваат и олеснуваат граѓанско учество во сите аспекти на остварување на демократијата. Учеството не е нешто што се однесува само на – или главно на – националната политика. Граѓанинот живее, работи, се забавува, на локално ниво и локалните животни стандарди (домување, вработување, здравје, рекреација, креирање политики...) се дел од неговите секојдневни грижи. Затоа демократскиот процес (вредности и структури) треба да има широк фокус на работење и зајакнување на локалните власти"*

Совет на Европа, 2009, Предговор од Кодексот на добри практики за учество на граѓанските организации во процесите на креирање на политиките.

# Основа за соработка

- Устав на Република Македонија
- Закон за референдум
- Закон за локална самоуправа:
- Членот 7 од Законот - општинскиот статут меѓу другото треба да регулира и: начин на информирање на граѓаните (без надоместок);...начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози на граѓаните.

# Основ за соработка

- Член 30: при изработка на прописите на општината, советот, односно градоначалникот, може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

- И покрај поволната рамка која што е дадена со Законот за локалната самоуправа, искуствата се различни. Секоја општина си има свои извесни особености кои што влијаат на определувањето на приоритетите.

# Институционализирање на соработката

- Во европските земји соработката на државите со граѓанските организации и нивното вклучување во креирањето на политиките е институционализирана на повеќе начини:
- Одделенија/единици за соработка најчесто во рамките на владите, но понекаде и во парламентите
- Стратешки документи за соработка: стратегии, програми, кодекси, правилници и сл.

# Институционализирање на соработката

- Формите и практиките на соработката на локално ниво се многу слични со оние на национално ниво:

-Комитет или под-комитет во советите на локалната самоуправа задолжен за соработка со граѓанските организации

-Посебно одделение во канцеларијата на градоначалникот,

-Лице во рамките на одделот за односи со јавноста кое има други задолженија

-Стратегиите за соработка на национално ниво, потоа се адаптираат на локално ниво

# Институционализирање на соработката

- Досегашна пракса во Република Македонија
- 52% од општините рекле дека во рамките на нивната администрација има одговорно лице (но не одделение) за соработка со граѓанскиот сектор
- Исклучок е градот Скопје
- 22% од општините соработката со граѓанскиот сектор ја засноваат на обврзувачки документи како што се статутите на општините, програми за работа, правилници и сл.
- Пишани документи (стратегии) имаат: општина Карпош и град Скопје
- 65% од општините одвојуваат одредени финансиски средства за поддршка на граѓанските организации

# Институционализирање на соработката

- Препораки:

  \- Потребно е да се **Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор**: цел 7 – *Постојан развој на граѓанскиот сектор*

  \- Мерка: создавање комуникациски мрежи за споделување позитивни примери на меѓусебна соработка со единиците на локалната самоуправа и да го промовира институционализирањето на соработката и на локално ниво

# Институционализирање на соработката

- Препораки:
- Општините да именуваат лице или да формираат одделенија за соработка со граѓанскиот сектор
- Општините на партиципативен начин да подготват и усвојат сопствени стратегии за нивна соработка со граѓанскиот сектор
- Стратегиите треба да содржат минимум одредби за: а) вклучување на граѓаните и граѓанските организации во креирањето на политиките на општините и подготовката на буџетите на општините и б) обезбедување средства за финансиска поддршка на локалните организации

# Институционализирање на соработката

- Препораки:

- Институционализација (статутарни дополнувања на општинско ниво) на други форми на граѓанско учество во процесот на донесување на одлуки (пр. форуми во заедницата)
- Граѓанските организации треба да продолжат да ја даваат сопствената експертиза во соодветните области
- Да придонесуваат во развивање на идеи за заеднички активности кои се од корист на целата локална заедница

# МЦМС активности за поддршка на соработка на ЕЛС и ГО

Една од седумте стратешки цели на МЦМС - **Одржлив локален и рурален развој**

- Градење на човечки и инфраструктурни капацитети во локални и рурални заедници, преку:

1. *Здрава вода за пиење*

Инфраструктури активности - повеќе од 250 водоводи во рурални средини (или 15% од вкупниот број активни села во Македонија)

# МЦМС активности за поддршка на соработка на ЕЛС и ГО

*2. Оспособување на заедниците и институциите, истовремено градејќи партнерства со единиците на локалните самоуправи (ЕЛС)*

- **Обуки**

  Во период од 2004 до 2009 испорачани 57 обуки за претставници на ЕЛС и ГО на различни теми: РПЦ, ИР/ОЈ, административно работење, мобилизирање средства, размена на искуства, регионален развој и просторно планирање

  Обуките беа отворени за сите ЕЛС

- **Консултации**

  Градење капацитети за ЛЕР (пр. Штип, Кичево), работилници за планирање и управување со земјоделско земјиште, работилници за идентификување на приоритети и сл.

# МЦМС активности за поддршка на соработка на ЕЛС и ГО

*2. Оспособување на заедниците и институциите, истовремено градејќи партнерства со единиците на локалните самоуправи (ЕЛС)*

- **Активности за транспарентност**

  Публикување на 19 годишни извештаи за општините кои се фокус на работа на МЦМС (3 во 2004, 1 во 2005, 7 во 2007 и 8 во 2008)

- **Информативни активности**

  Адресар на општини – 3 изданија (2002, 2006 и 2010)

- **Форуми во заедниците**

  Фацилитација на форумски процеси во: Карбинци, Битола, Ресен, Радовиш/Конче и Аеродром